Национален младински совет на Македонија

НационаленмладинскисоветнаМакедонија
www.nms.org.mk
info@nms.org.mk
ул. Мирослав Крлежа бр. 52/1, 1000 Скопје

**Носител на проектот:** Национален младински совет на Македонија
**Медиумски партнер:** Младински образовен форум

## МЛАДИНСКА МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ

„Младинска медиумска писменост“ ќе ја подигне свеста кај младите учесници за критичко размислување, за информациите кои ги добиваат од медиумите ќе ги оспособи за аналитичен пристап и способност за евалуација на содржината. Граѓанските организации пак, ќе се оспособат свесно да ги анализираат содржините во медиумите кои се во нивно поле на интерес и правилно да комуницираат со медиумите и нивните таргет групи при десиминација на нивните општествено одговорни активности.

Проектот „Младинска медиумска писменост“ ќе овозможи три викенд обуки за 60 млади од Скопје, Велес и Тетово и една обука за граѓански организации кои ќе резултираат со продукција на едукативни содржини за слобода на изразување кај младите од маргинализираните заедници, без разлика на пол, етникум, социјален статус и сексуален и родов идентитет.

Дводневните обуки за млади ќе се фокусираат практично да ги научат учесниците за медиумска писменост, пропаганда и разликата помеѓу етичко и неетичко новинарство. Дополнително ќе бидат обезбедени менторства за разработката на текстови, видео и аудио прилозите, истражувачките стории, подкастите, по избор на учесниците. Викенд обуката наменета за граѓанските организации тематски ќе биде насочена кон медиумската писменост, но и односите со јавноста односно како да се пренесат информации до таргет групите кои водат до општествена промена.

НМСМ е национална чадор организација на сите млади во Македонија. НМСМ обединува 55 организации со цел да се промовираат и да се залагаат за правата на младите во Македонија. Членството на НМСМ е разновидно, обединувајќи организации кои работат на национално и регионално ниво, рурални и урбани средини, студентски организации, ограноци на меѓународни организации, политички подмладоци и други типови на здруженија. Во процесот на остварување на своите цели, НМСМ ги застапува интересите на младите во Република Македонија без разлика на нивната социо-економска положба, пол, раса, етничко и културно потекло, политичкото и верското уверување, сексуална ориентација, родов идентитет или било друга форма на разлика.

Мисијата на НМСМ е да ги претставува интересите и потребите на младите луѓе како врска со сите чинители и да обезбеди вклучување и активно учество на младите во процесот на донесување одлуки на секое ниво. Организациската структура на НМСМ се состои од Генерално собрание, Управен одбор, Надзорен одбор и Секретаријатот кој што претставува оперативно тело на НМСМ.

**Лице за контакт од организацијата:** Мартин Алексоски, martin.aleksoski@nms.org,mk

**Лице за контакт од медиумот:** Петар Антевски, petar_antevski@mof.org.mk